Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 279/4
Датум: 09 -05- 2023

По претставката со бр. 08 - 279/1 од 03.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на социјално потекло во области на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, против државни органи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### За отфрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 – 279/1 од 03.04.2023 година од подносителката [redacted] против државни органи **поради неуредност.**

### Образложение

На 03.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за за заштита од дискриминација со бр. 08 – 279/1 од подносителката [redacted] против државни органи. Подносителката тврди дека е дискриминирана врз основа на социјално потекло, во области на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита. Подносителката првично навела дека е индиректно дискриминирана од државните институции, преку законите кои ги усвојуваат, со кои не се води сметка за интересите на „обичниот народ". Во продолжение на претставката како дискриминатор се наведени „државни органи", а од приложените докази произлегува дека поводот за поднесување на претставката е одбиено барање за остварување на право на социјална сигурност на старите лица на подносителката на претставката.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот."* Од причина што претставката не ги содржеше наведените елементи и беше нејасна, согласно член 24, став 2 од Законот, Комисијата ја задолжи подносителката истата да ја доуреди, во насока што:

Ќе го конкретизира потенцијалниот дискриминатор, односно ќе наведе од страна на кој државен орган е дискриминирана. Воедно, прецизно ќе го појасни поводот за поднесување на претставката (фактичката состојба) или ќе појасни со кои конкретни дејствија потенцијалниот дискриминатор извршил дискриминација.

Подносителката на претставката до Комисијата испрати поднесок за доуредување на претставката на 08.05.2023 година со бр. 08 – 279/3, со кој не ја доуреди претставката по дадените насоки.

Во поднесокот за доуредување на претставката, подносителката навела дека е дискриминирана од Уставниот суд како највисока судска инстанца, од Владата како предлагач на законите и Собранието кое ги усвојува законит.

Постапката и надлежностите за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се уредени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој со член 24 е уредено што треба да содржи претставката и во кој рок истата се поднесува. Воедно, дискриминација не е исклучиво субјективно чувство на лицето, туку се заснова на објективно утврдени критериуми содржани во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: „*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*“

Следствено на наведеното, од причина што претставката на подносителката, како и доуредувањето беа неуредни и нејасни, од истите не можеше да се увиди кој потенцијален дискриминатор со кои конкретни дејствија ивршил дискриминација, односно подносителката не ја доуреди претставката согласно напатствијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
09.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]